**KLORUR NATRIUMI**

Раствор за инфузија – 0.9%

**Внимателно прочитајте го ова упатство пред да започнете со користење на лекот.**

- Чувајте го ова упатство. Може ќе Ви затреба пак да го прочитате.
- Ако имате дополнителни прашања, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Доколку некое несакано дејство стане сериозно или ако забележите било какви други несакани дејства кои не се спомнати во ова упатство, Ве молиме известете го вашиот лекар или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Klorur Natriumiот и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Klorur Natriumi
3. Како да се употребува Klorur Natriumi
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Klorur Natriumi
6. Дополнителни информации

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет**

Тара Фарм ДООЕЛ

Ул. Беловиште бр. 12

Гостивар, Р. Македонија

**Производител**

ПРОФАРМА а.д

Улица "Мислим Кета"

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Тел.: 00 355 4 23 89 602

Тирана - Албанија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА KLORUR NATRIUMI И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Klorur Natriumi е фармацевтски производ во кој како активна супстанца е Klorur Natriumi. Се користи за регулирање на недостаток на јони од натриум и хлор во услови на губење на сол.

Klorur Natriumi растворите се користат како извор на натриу хлорид и вода за хидратација. Еден раствор од 1000 мг / 10 мл (10 %) е хиперосмотичен.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ KLORUR NATRIUMI

**Не земајте Klorur Natriumi:**

- во случаите на хиперхидратација;
- во случаите на хипернатремија, хиперхлоремија, хиперволемија.

**Бидете особено внимателни со Klorur Natriumiот**

Прашајте го вашиот лекар пред да го користете Klorur Natriumiот.

Земање на голема количина на Klorur Natriumi, на било кој начин на употреба, може да предизвикува хипокалемија и ацидоза.

Натриумови соли треба да се употребуваат со претпазливост кај пациенти со оштетување на бубрезите, срцева слабост, хипертензија, периферни или белодробни едеми, прееклампсија, хепатална цироза, и други состојби поврзани со задршка на натриум.

Со претпазливост треба да се користи и кај децата и кај возрасните.

Растворот Klorur Natriumi повисок од 0.9% (хипертоничен раствор) треба да се користи внимателно, со контролирана брзина и само во случаи кога јасно се индицира.

Кај пациентите што користат кортикостероидни или кортикотропни лекови, Klorur Natriumi треба да се употребува со големо внимание.

Во текот на инфузијата добро е да се контролира билансот на течности, на



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

електролити, плазматската осмоларност и ацидо-базната рамнотежа.

**Земање на други лекови**

Ве молиме контактирате го вашиот лекар или фармацевт ако користете или сте користеле други лекови во последно време, вклучувајќи ги и оние без рецепти.

За да се минимизира ризикот од несакани дејства кои може да произлезат од мешањето на растворот инфузија Klorur Natriumi со други раствори, треба внимателно да се следи конечното мешање пред инјектирање и периодично во текот на употребата, заради можноста од формирање на преципитати.

Особено е важно вашиот лекар да знае за фактот дека вие сте биле лекувани со:

- Кортикостероиди, затоа што тие се поврзани со задршка на натриум и вода давајќи оток и хипертензија, така што ви е потребно повеќе внимание ако истовремено се админиситрират кортикостероиди и натриумови соли;
- Гликоза и фруктоза за прилагодување на рамнотежа на електролити;
- Манитол и натриум ацетат во диуретик раствори, во случаи на операција на катаракта, при бубрежно оштетување;
- Калциум хлорид и калиум хлорид за лекување на дигестивни проблеми;
- Натриум бикарбонат кај дијабетична кома;
- Калиум хлорид, магнезиум хлорид во кардиохирургија;
- Натриум сулфат, магнезиум сулфат, калиум сулфат и калиум хлорид во третман на констипација.

**Бременоста и доење**

Посебно внимание треба да се покаже кај жените кои страдат од прееклампсија во текот на бременоста.

Користење на овој лек во време на бременоста и доење е одобрен само под контрола на лекарот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Управување на возила и ракување со машини**

Овој лек не влијае на способноста за возење или за користење на машини.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА KLORUR NATRIUMI

Вашиот лекар ќе Ве извести за количината на Klorur Natriumi кој треба да го земете и кога да го земете. Важно е да ги следите точно упатствата на Вашиот лекар и да не ја промените сами дозата.

Прашајте го Вашиот лекар или фармацевт ако не сте сигурни за дозата која треба да ја земете и кога треба да ја земете.

Klorur Natriumi растворот за инфузија се дава парентерално (интравенозно).

За возрасен, дневните потреби за Klorur Natriumi можат да се исполнат со инфузија од 1 л раствор за инфузија на Klorur Natriumi 0.9 %

**Ако сте земале повеќе Klorur Natriumi**

Ако сте земале повеќе Klorur Natriumi отколку количината што треба да ја земете, или ако децата случајно го земале овој лек, Ве молиме контактирајте го Вашиот лекар, болницата или телефонирајте во ургентниот центар за да добиете мислење за ризикот и совет за мерките што треба да се преземат.

Несаканите дејства кои можат да настанат од предозирање со Klorur Natriumi се најсериозните последици од хипернатремија, како што се: мозочна дехидрација, која може да предизвика поспаност, конфузија која напредува во конвулзии, кома, респираторна слабост и смрт.

**Ако сте заборавиле да земете Klorur Natriumi**

Ако сте заборавиле една доза на Klorur Natriumi, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт.

Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој производ, прашајте го вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, Klorur Natriumi може да предизвика несакани дејства, иако тие не се јавуваат кај сите пациенти.



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Инјектирање на големи дози може да предизвика:

- хипернатремија и едем (како последица на акумулација на натриум јони);
- ацидоза (како последица на акумулација на хлорни јони).
- треска, инфекција, локална болка или реакција на местото на администрација, тромбофлебитис и екстравазација на растворот.

Ако било кое од несаканите дејства се влоши или ако забележите било какво несакано дејство кое не е спомнато во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА KLORUR NATRIUMIOT

*ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!*

Не го употребувајте Klorur Natriumi растворот за инфузија по истекување на рокот на употреба, кој е наведен на пакувањето.

Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Да не се чува на температура над 25°Ц!

Не употрбувајте Klorur Natriumi доколку забележите видливи знаци на заматување. Растворот треба да биде бистар.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Klorur Natriumi 0.9% - пластично кесе**

Активната супстанција е натриум хлорид.

1 мл раствор за инфузија содржи 9 мг натриум хлорид.

Други состојки: Натриум хидроксид и вода за инјектирање.

**Содржина на пакувањето**

*Klorur Natriumi – Раствор за инфузија:*

- пластично кесе од 100 мл, 250 мл, 500 мл, 1000 мл и 2000 мл.

**Начин на издавање**

Лекот се употребува само во здравствена установа

Секој неискористен лек или отпаден материјал треба да се отстрани во согласност со локалните прописи.

**Дата на последна ревизија на текстот**

Јануари, 2017 година

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *